ОСНОВЕН СУД
-КОЧАНИ
СУ-1600/23
22.11.2023 година

Основен суд Кочани врз основа на член 20 и член 39 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.43/14,33/15,98/15,6/16 и 198/18),Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас,формата,начинот на поднесување на пријавата за унапредување,начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто,како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работното место за кои е објавен интерниот оглас (Сл.весник бр.275/20),Правилникот за систематизација на работни места во Основен суд Кочани СУ-04-46/18 од 24.12.2018 г.,како и согласноста од Министерот за финансии бр.08-503/5 од 13.11.2023 г. објавува:

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2023

### За унапредување на 2 /двајца/ судски службеници

**1. Категорија В, ниво В-2, СУД0101В02001 – 2 извршители**
**Виш судски соработник**

Посебни услови за вршење на работите:
Степен и вид на образование:најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен правен факултет и положен правосуден испит

Работно искуство:
-Најмалку 2 години работно искуство во струката

Посебни работни компетенции:
-Активно познавање на еден од трите најчести користени јазици на Еврпоската унија (англиски,француски и германски)
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Распоред на работното време:
Работни часови:40 часа неделно
Работно време-од 7.30 часот до 15.30 часот
Работни денови:од понеделник до петок
Нето плата: 37.689 денари

На интерниот оглас може да се јави судски службеник,вработен во судот кој ги исполнува посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво наведени во овој оглас,како и:
-да е оценет со оценка „особено се истакнува или „се истакнува„ при последното оценување;
-да е на работно место на непосредно пониско ниво или во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;

-да поминал најмалку две години на работното место на кое е распореден и
-да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас

Кон пријавата кандидатите потребно е да ги приложат следните докази:
-уверение за завршено соодветно образование во оригинал или заверено кај нотар
-доказ за работно искуство
-сертификат или уверение како доказ за познавање на еден од трите најчести користени јазици на Еврпоската унија (англиски,француски и германски)
-сертификат или уверение како доказ за познавањето на компјутерски програми за канцелариско работење

Кон пријавата кандидатите покрај горенаведените докази,можат да ги приложат и следните докази:
-потврди за успешно реализирани обуки како посетител,не постари од 5 години
-потврди за успешно реализирани обуки како обучувач,не постари од 5 години
-потврди за успешно реализирано менторство како ментор
-потврди за успешно реализирано менторство како менториран

Кандидатите од точка 1 се должни пријавата да ја пополнат во целост,прецизно и со точни податоци.
Пополнетата пријава во писмена форма и доказите за податоците содржани во пријавата,кандидатите ја поднесуваат преку приемната писарница во Основен суд Кочани.
Рокот на поднесување на пријавите е 5 дена од денот на објавување на огласот на веб страната на судот.

Напомена:Кандидатот кој ке внесе лажни податоци во пријавата ке се дискфалификува од понатамошната постапка.

ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ
Претседател на судот
М-р Сузана Милевска